Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 95, 24 јануари 2013 година

јануари 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научна област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на диксонтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле електротехника, наставно-научни области електротехника и електроенергетика на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област туристичка промоција Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент/насловен вонреден професор во научната област Казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 29

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 34

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на чл.132, ст. 2 и ст.5 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ, бр.35, 103/2008, 26, 83, 99/2009, 115/2010, 17, 51/2011, 123/2012), чл.32, ст.1 и чл.38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Универзитетски гласник бр. 23 од април 2012), Одлуката бр.1602-253/4 и Решението бр.1602-253/11, донесни од Наставно-научниот совет на Правниот факултет, Рецензентската комисија во состав:

- академик проф. д-р Владо Камбовски, претседател, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје,
- проф. д-р Љупчо Арнаудовски, член, редовен професор во пензија,
- проф. д-р Јован Ананиев, член, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор во научната област казнено право на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 7.11.2012 година за избор на еден наставник во насловно звање ***доцент/ вонреден професор*** за наставно-научната област ***казнено право*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, се пријави само насловниот доцент д-р Тодор Витларов.

### Биографски податоци

Кандидатот **д-р Тодор Витларов** е роден на 27 септември 1958 год. во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 1976/1977 година се запишува на Правниот факултет во Скопје, каде што дипломира во редовен рок, во 1981 година со просечен успех од 8,52. По дипломирањето се вработува во Окружното јавно обвинителство во Штип, каде што по положувањето на правосудниот испит во 1982 год. е назначен за стручен соработник. На 1 април 1984 г. е именуван за заменик на основниот јавен обвинител на ОЈО - Штип, функција што ја извршува сѐ до март 1997 година. Од 1997 година до август 2008 година ја извршува функцијата виш јавен обвинител во ВЈО - Штип. Во август 2008 год. е избран за член на Советот на јавни обвинители на Р. Македонија, избран од редот на јавните овинители, функција што ја извршува до септември 2011 година. Од 2011 година ја врши функцијата виш јавен обвинител во ВЈО - Штип.

Професионалниот ангажман во јавното обвинителство од приправник до највисоките функции во овој државен орган е пример за нормален развој и напредување во професијата и функцијата, како резултат на потврдени резултати и квалитети во вршењето на јавнообвинителската функција.

Карактеристиката на работата на д-р Витларов во професијата и функцијата е постојано стручно усовршување во областа на правните науки, посебно казенено-правните. Во таа своја ориентација се запишува и успешно ги завршува постдипломските студии на Правниот факултет во Скопје, на Катедерата за казнено право и криминологија, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Јавното обвинителство”, во јануари 1999 година.

Стручното усовршување го продолжува со пријавување и успешна одбрана на докторска дисертација (на 17 март 2006 година) на Правниот факултет во Скопје, со наслов „Казнено-правна заштита од корупција", при што се стекнува со научен степен доктор на казнено -правни науки.

Стручниот и професионалниот ангажман на д-р Витларов особено доаѓа до израз преку неговото членување во извршните органи на Здружението за кривично право и криминилогија, особено преку неговите активности на советувањата и стручните расправи организирани од страна на ова здружение.

Забележан со своите активности од страна на Владата на Р. Маедонија, именуван е за член на Координативното тело за борба против корупција, како претставник од јавното обвинителство. Исто така, член е на Националниот тим за имплементација на препораките на GRECO - Група на држави-членi на Совет на Европа за борба против корупцијата.

Потврден како истакнат практичар во примената на казеното законодавство и познавач на казнено-правната теорија, од стана на министерот за правда е именуван во работните групи за измени и дополнувања на Казнениот законик во континуитет и групата што работела на подготовка на текстот на новиот Закон за кривична постака.

Неговото богато искуство во примена на казнените закони и непосредното учество во нивното подготвување (Измени и дополнувања) го прават постојан едукатор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Потврден како научен истражувач во областа на казнено-правната наука и практика, избран е за нациоинален експерт во работата на реализација на научноистражувачки проекти организирани од стана на Одделот за владеење на правото при мисијата на ОБСЕ во Македонија и програмата на ОПДАТ на Министерство на правда на САД при Амбасатада во Р.Македонија.

Во март 2008 година се јавува на огласот и е избран во насловно звање доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во научната област казанено право.

**Објавени стручни и научни трудови периодот 2008-2012 г.:**

1. Т.Витларов: Казнено право – посебен дел (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2008.
2. Т.Витларов, К.Чавдар: Збирка судски одлуки, издавач ОБСЕ, 2009.
3. Т.Витларов, Ј.Чавдар: Казнено-правна заштита на изборниот систем, ОБСЕ 2009, Перспективи на домашната правна рамка за спроведување на изборите.
4. Т Витларов: Казнена одговорност на правните лица, Деловно право-издание за теоријата и практиката на правото, Здружение на правници на Р. Македонија, 2011.
5. Т.Витларов: Улогата на јавниот обвинител во новиот Нацрт-закон за кривична постапка, Justitia - стручно списание за правосудството, Академија за судии и јавни обвинители, Скопје, 2010.
6. Т.Витларов: Кривични дела против службената должност, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.2-3, 2008, издавач Здружението за кривично право и криминологија на Р. Македонија.
7. Т.Витларов: Мерката конфискација во казнено-правниот систем на Македонија, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Зборник во чест на проф. Г.Марјановиќ, Скопје, 2011.
8. Г.Кајалџиев, Т. Витларов, М.Тромбева, Д.Илиќ. К.Крстевска: Преуредување на претходната постапка во Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминилогија, Скопје,2-3, 2008.
9. Тодор Виталаров: Прашања од интерес за реформата на казненото право (од

студиската посета во САД), Обвинителски глас, бр.14, 2009.
10. Б.Ветори, Т.Витларов, В.Камбовски, Б.Мисоски: Спроведување на одредбите за кривична одговорност на правните лица - прирачник за практичари, ОБСЕ, 2011.
11. В.Камбовски, Т.Витларов: Истражување - Казнената одговорност на правните лица според новелата на КЗ од 2009,Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2/2009.
12. Тодор Витларов: Улогата на јавниот обвинител во новиот Закон за кривична постапка, Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, 2009 год.

**Оценка со предлог за канидатот**

Следејќи ги развојот и работата на кандидатот д-р Тодор Витларов низ неговите биографски податоци за движењето во службата и преку пописот на создадените и објавените трудови, тој е пример на формирањето на професионалец низ практиката кој прераснува во потврден, научен работник. Тој претставува пример за односот на јавните обивнители и на сите останати во правосудството за професионален однос во својата работа и потврда дека само со постојана и континуирана стручна едукација, се обезбедува напредок во струката, професијата, се постанува познат и признат, потврдувајќи се во јавниот живот како творечка личност.

Д-р Тодор Витларов, како што може да се види и од објавените стручни и научни трудови од првите години кога влегол во службата, со проблемите се занимавал практично и теоретски и своите знаења и стил на работа во службата го пренесувал на помладите колеги. По магистрирањето и докторирањето тој навлегува во науката на начин на кој практичните проблеми ги обработува и објаснува низ доминантните сфаќања и погледи во науката и теоријата. Работејќи на магистерскиот труд и докторската дисертација потврдува дека ја совладал научната методологија од обласа на казено-правните и криминолошките науки, што може да се согледа и преку неговите објавени трудови. Спојот помеѓу практиката и теоријата што постанува стил на неговата секојдневна работа и како јавен обвинител, доаѓа до израз и во неговиот ангажман во различни органи и тела, како едукатор и еден од креаторите на новото македонско казнено законодавство.

Бројот на објавените трудови што се составен дел на овој извештај и вкупно објавените досегашни научни и стучни трудови е импресивен, не само како број, туку и проблематиката што ја обработува. Насловите на објавените трудови покажуват дека предмет на неговиот интерес и работа се сите области од казненото право и криминологијата. Преку неговото учество на советувањата организирани од страна на здруженијата за казанено право и јавни обвинители, како и преку неговиот ангажман како едукатор во Академијата за судии и јавни обвинители, тој се стекна со искуства и се потврди како пренесувач на знаење, како наставник и како едукатор.

Врз основа на гореизнесеното за кандидатот насловен доц. д-р Тодор Витларов, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

**П Р Е Д Л А Г А М Е**

ДА ЈА ПРИФАТИ пријавата (кандидатурата) на нас.доц.д-р Тодор Витларов за професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и да го ИЗБЕРЕ ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР.

**Рецензентска комисија**

**Академик проф. д-р Владо Камбовски, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Љупчо Арнаудовски, член, с.р.**

**Проф. д-р Јован Ананиев,член, с.р.**

**П Р И Л О Г**
**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р ТОДОР ВИТЛАРОВ**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Член на комисија за одбрана на магистерска работа | 2 | 1 | **2** |
| Предавања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип | Учебна 2008/2009 (9x1.5+2) + учебна 2011/2012 (9x1.5+2) + учебна 2012/2013 (12x1.5+4) | 15.5+15.5+22 | **53** |
| Постдипломска настава (консултации) на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и предавања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за безбедност, и Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет - Скопје | Консултации по 5 предмети | Консултации = 5 x 2 | **10** |
| Рецензент на соработници и наставници | 1 | 1 | **1** |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Монографија | Во земјава=1 | Во земјава=10 | **10** |
| Труд со оригинални научни резултати | 2 во коавторство и 2 индивидуални | Коавторство=1 Индивидуални=1.3 | **4,6** |
| Труд објавен во зборник од научен собир | 2 во коавторство | 1 | **2** |
| Учество на научен собир со реферат | Во земјава=3, | Во земјава=1.5 | **4,5** |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | **1** |
| Студиски престој во странство | 2 | 8 | **16** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Стручна монографија | Во земјава=2 | Во земјава=3 | **6** |
| Труд во стручно списание | 5 | 2 | **10** |
| Учество во научен проект | Во земјава=1 | Во земјава=5 | **5** |
| Предавач на стручен собир | 6 | 2 | **12** |
| Експертиза (Стратегија за национална безбедност и два правилника за потребите на Министерството за локална самоуправа) | 1 | 2 | **2** |
| Член на Наставно-научен совет | 1 | 2 | **2** |
| **ВКУПНО** | | | **151,1** |